АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ)
Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија-ладно валан,поцинкован и пластифициран лим

Бр. 03-66/14-6
28.10.2014 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗАПИШАНИ И ПЛАТЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ОД ЈАВНА ПОНУДА

Друштвото АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје известува дека на ден 27.10.2014 година заврши II-рата (вторaта) емисија на хартии од вредност.

Јавната понуда на хартиите од вредност е одобрена со Решение бр. УП 1 07-88 / 07.10.2014 на Комисијата за хартии од вредност.

Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност беше објавена во дневниот весник “Утрински весник” на ден 13.10.2014 година, а на веб страницата на берзата – Македонска берза на хартии од вредност на ден 13.10.2014 година, кога беше објавен и Проспектот за запишување и уплата на хартиите од вредност.

По завршување на рокот за реализација на јавната понуда, од понудените 13.630.537 обични акции, продадени се вкупно 13.630.537 обични акции во вкупен износ од 4.307.249.692,00 денари, со што јавната понуда е реализирана со процент на реализација од 100%.

Хартиите од вредност ќе бидат пријавени за упис во трговскиот регистар и во депозитарот на хартии од вредност. Правата од хартиите од вредност настануваат по уписот на хартиите од вредност на сметка на сопственикот во депозитарот за хартии од вредност.

28.10.2014 година

АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје
Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

ArcelorMittal